Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, август 2017 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14 и 27/16), министерот за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-7191/2 од 24.04.2015 година, број 01-7191/5 од 13.05.2015 година, број 01-7191/7 од 11.06.2015 година, број 01-7191/8 од 18.06.2015 година, број 01-7191/9 од 24.06.2015 година, број 01-7191/12 од 16.07.2015 година, број 01-7191/14 од 23.09.2015 година, број 01-7191/16 од 20.10.2015 година, број 01-7191/18 од 23.11.2015 година, број 01-496/1 од 13.01.2016 година, број 01-496/4 од 04.08.2016 година и 01-496/6 од 29.08.2016 година и тоа:

### Член 2

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 2. Сектор за трезор, во потточка 2.7. Одделение за регионално трезорско работење, во работното место со реден број „88. Советник за прием и обработка на барања за плаќање и друга документација во трезорски канцеларии“, во делот Број на извршители бројот „5“ се заменува со бројот „4“, а зборовите „Тетово-1“ се бришат.

### Член 3

Во точка 2. Сектор за трезор, во потточка 2.7. Одделение за регионално трезорско работење, во работното место со реден број „90. Помлад соработник за прием и обработка на барања за плаќање и друга документација во трезорски канцеларии“, во делот Број на извршители бројот „7“ се заменува со бројот „8“, а зборовите „Тетово-1“ се заменуваат со зборовите „Тетово-2“.

### Член 4

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01- 7726/1
03.08.2017 година
СКОПЈЕ

д-р Драган Тевдовски
Министер за финансии

Изработил: Александра Лулкоска
Проверил: Михајло Михајловски